РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 14.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2728/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Ели Панова
Љупчо Пренџов
Бране Петрушевски
Fetije Haxhiu



[1] 08-2728/1 [2026]

Предлагачи: група пратеници

Предлог на закон
за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија,
по скратена постапка

Скопје, април 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Работата, статусот и субјективитетот на јавните претпријатија се регулирани со Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25).

Јавните претпријатија се основаат заради вршење на дејности од јавен интерес. Законот за јавните претпријатија ја уредува работата и делувањето на јавните претпријатија.

Со работата на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство, кои ги избира односно разрешува управниот одбор. Директорот и заменик на директорот се избира со мандат од четири години.

Имајќи ја предвид специфичноста на функцијата директор на јавно претпријатие како функција со мандатен карактер, се оцени дека прашањата поврзани со престанокот на функцијата треба да се уредуваат преку одредбите што го регулираат именувањето и разрешувањето, а не преку услови кои произлегуваат од општите прописи од работен однос.

Исто така, со Предлогот на закон се врши промена во однос на условот за познавање на странски јазик на директорите на јавните претпријатија.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на законот е промена во однос на условот за познавање на странски јазик на директорите на јавните претпријатија, како и уредување на прашањата поврзани со престанокот на функцијата директор на јавно претпријатие, како функција со мандатен карактер, да се уредуваат преку одредбите што го регулираат именувањето и разрешувањето, а не преку услови кои произлегуваат од општите прописи од работен однос.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија не предизвикува финансиски последици врз Републичкиот буџет.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## Член 1

Во Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) во член 23 во ставот 4 во алинејата 5 по зборовите: „АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“ се додаваат зборовите: „или сертификат/уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија, англиски, француски или германски.“.

## Член 2

Во член 24-а во ставот 1 алинејата 2 се брише.

## Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија содржи 3 члена.

Со членот 1 се врши дополнување на член 23 во однос на условот за директор на јавно претпријатие за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски) на ниво Б2.

Со членот 2 се врши уредување на прашањата поврзани со престанокот на функцијата директор на јавно претпријатие.

Со членот 3 се уредува денот на влегување во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение се врши промена на условот за познавање на странски јазик на директорите на јавните претпријатија и се уредуваат прашањата поврзани со престанокот на функцијата директор на јавно претпријатие.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 23

Со работата на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство, кои ги избира односно разрешува управниот одбор. Директорот на јавното претпријатие основано од страна на општината, односно градот Скопје може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие.

Директорот и заменик на директорот од ставот 1 на овој член се избира со мандат од четири години.

Со работата на јавното претпријатие, основано од страна на општината, односно градот Скопје, раководи директор што го избира, односно разрешува гра доначалникот на општината, односно градот Скопје. За именување на директор и заменик на директор од ставот 1 на овој член се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор и заменик на директор од ставот 1 на овој член може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
- е државјанин на Република Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум пет години работно искуство,
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Директорот, на јавното претпријатие го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на управниот одбор, учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој, учествуваат во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие, врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие и врши други извршни работи во врска со работата и работењето на јавното претпријатие утврдени со статутот. Функцијата директор, и член на надзорниот одбор за контрола на јавното претпријатие е неспојлива со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија и функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија, како и член на Советот и градоначалник на општината и

Градот Скопје за јавните претпријатија, основани од општината, односно градот Скопје.

Член 24-а

Директорот на јавното претпријатие и заменик на директор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- на негово барање,

- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон,

- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив,

- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие,

- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие,

- ако не достави извештај согласно со членот 23-а став 1 од овој закон,

- ако и по истекот на рокот определен во членот 23-а став 3 од овој закон не ги отстрани недостатоците или и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и

- ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од овој закон не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

Управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје, во случаите од ставот 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот и заменик на директор.

До изборот на нов директор, управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје во рок од пет дена од донесувањето на одлуката од ставот 2 на овој член, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци. Во јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија кое има заменик на директор на кој не му е истечен мандатот, до именување на директор по распишан конкурс но не подолго од шест месеци ја врши должноста директор.